ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

# ПРОГРАМА ЗА ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР
# **ПРАКТИЧЕН ДЕЛ**
# ЗА 2020 ГОДИНА

Арх. Бр. 10/3-2335/1

Датум: 25-09-2020

Место: Скопје (м.п.)

Љупчо Арминоски
в.д. Раководител на Сектор за правни, општи работи и инспекциски надзор

Изработил:

Драгомир Митев, в.д Раководител на одделение

## ВОВЕД

Во согласност со член 43, став (5) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/2019), Раководителот на Сектор за правни, општи работи и инспекциски надзор, донесува Програма за испит за лиценца за инспектор – практичен дел за 2020 година, за следните видови на инспектори*: инспектор за управување со кризи.*

Практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор се полага врз основа на Програма за испит за лиценца – практичен дел, која пак е во согласност со Програмата за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор (*согласно член 42, став (6)*) и Правилник за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 238/2019).

Практичниот дел од испитот се полага во првата закажана испитна сесија, по завршување на девет месечната практична работа и обука на работно место, под надзор на ментор во инспекциската служба каде е вработен кандидатот за инспектор, избран преку постапка за вработување и кандидатот за инспектор вработен преку постапка за превземање на административен службеник.

Со практичниот дел од испитот се врши оценување на знаењата и вештините на кандидатите, стекнати за време на практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор, за прашања кои се опфатени со соодветните теми од **4- четири модули <u>од законот за управување со кризи</u>**.

Програма за испит за лиценца – практичен дел, базата на прашања за испитот, како и релевантната литература потребна за подготовка на кандидатот за инспектор за полагање на испитот, се јавно достапни на веб страницата на Советот.

## МОДУЛИ И ТЕМИ ЗА ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР – ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

Програма за испит за лиценца – практичен дел, на одделението за инспекциски надзор на Центарот за управување со кризи, кои се распределени на работните места по области на надзорот произлегува како потреба од надлежностите на делокругот на работа што се утврдени согласно одредбите на материјалните закони според по кои постапува:

- I – Инспектор за управување со кризи.

**I - <u>Инспектор за управување со кризи:</u>**

Модул 1 –Закон за управување со кризи

-Општи и посебни одредби

- Тема 1.1 – Начела и организација на Системот за управување со кризи
- Тема 1.2 –Права, обврски на субјектите во Системот за управување со кризи

Модул 2 – Закон за управување со кризи

-Организација и функционирање на органите и телата во Системот за управување со кризи)

- Тема 2.1 – Начела и организација на органите и телата во Системот за управување со кризи

- Тема 2.2 – Права, обврски на Центарот за управување со кризи во Системот за управување со кризи
- Тема 2.3 – Права, обврски на Регионалните Центри за управување со кризи во Системот за управување со кризи

Модул 3 – Закон за управување со кризи

- Комуникација , координација и соработка

- Тема 3..1 – Начела и организација на комуникацијата, координацијата и соработката
- Тема 3..2 – Права, обврски на субјектите во комуникацијата, координацијата и соработката со Центарот за управување со кризи

Модул 4 – Закон за управување со кризи

- Инспекциски надзор

- Тема 4.1 – Права, обврски и овластувања на инспекторите во Центарот за управување
- со кризи
- Тема4.2 – Казнени одредби
- Тема 4.3 – Практична обука
- Тема4.4 -Канцелариско работење
- Тема 4.5 -Архивско работење
- Тема4.6-Планирање и спроеведување на инспекциски надзор
- Тема 4.7- Документирање, комјутерски вештини и обработка на текст